5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3551.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ“ – СКОПЈЕ

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈАПАТ“ – Скопје, се именува Стојанче Кировски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8111/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3552.

Врз основа на член 14 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014, 160/2014, 97/2015 и 148/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

1. За член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, се именува Нинослав Јанковски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8112/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3553.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СТУДЕНЧИЦА – КИЧЕВО

1. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица – Кичево, се именува Јана Костадиновска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8113/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3554.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за државни патишта се именува Александар Ружин.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8114/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3555.

Врз основа на член 5 од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/2011, 43/2014, 199/2014, 97/2015, 153/2015 и 27/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, се именува Трајче Нешковски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8115/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3556.

Врз основа на член 8 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2010, 36/2011 и 41/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, се именува Перса Наумовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8116/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3557.

Врз основа на член 89 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016 и 119/2016) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За член на Управниот одбор на Агенција за вработување на Република Македонија, се именува Маја Милосавлевиќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-8117/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3558.

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016 и 63/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА НАДЛЕЖЕН ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР-БИТОЛА

1. За членови на Управниот одбор- претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, се именуваат:

- Исуф Фетаи,
- Милева Тагасовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8118/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

3559.

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016 и 63/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА НАДЛЕЖЕН ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА, ОХРИД

1. За членови на Управниот одбор- претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид се именуваат:

- Беким Муареми,
- Даниела Рендевска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8120/1
5 декември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3560.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 27 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992), на седницата одржана на 29 ноември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на:

- Одлуката бр. 08-4160/28 од 22.3.2017 година за поништување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје, бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар, и

- Решението бр.09-4160/29 од 22.3.2017 година за објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесено од градоначалникот на Општина Центар

2. СЕ ЗАПИРА извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на Одлуката и Решението означени во точката 1 на ова решение.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

4. Цуте Крајчески, Страхил Пановски, Славица Марковска, Мартина Илиќ, Димитар Нацаков, Влатко Миновски, Коста Јовановски и Љупчо Велков, сите од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија поднесоа иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените акти означени во точката 1 на ова решение.

Подносителите на иницијативата, наведуваат дека претседателот на Советот на Општина Центар за ден 22.3.2017 година закажал продолжение на 5-та седница на Советот на Општина Центар, која била започната на 7.6.2013 година и продолжена на 10.6.2013 година, 11.6.2013 година и 13.6.2013 година. На продолжението на споменатата седница на дневен ред било ставено разгледување на предлог-одлука за поништување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг-Јужен дел-Запад“-Општина Центар-Скопје, бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар-Скопје. Првичниот предлог-наслов на спорната одлука гласел: „Одлука за ставање вон сила на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг-Јужен дел-Запад“-Општина Центар-Скопје, бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар-Скопје“. По амандманската интервенција од страна на еден од членовите на Советот, во насловот, а и во текстот на споменатата одлука, зборовите:„ставање вон сила“ биле заменети со зборовите:„се поништува“ и оваа интервенција била прифатена од предлагачот на оспорената одлука, претседателот на Советот.

И со првичниот текст на оспорената одлука, како и по амандманската интервенција во текстот на истата, неспорно станувало дека од страна на предлагачот на истата, како и од страна на мнозинството на Советот, се вршела груба повреда на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016). Имено, како основ за донесување на оспорената одлука бил земен член 41 став 4 од овој закон, според кој: „(4) Советите на општините во Градот Скопје донесуваат:-детален урбанистички план, - урбанистички план за село и – урбанистички план вон населено место“. Можело да се забележи дека Советот на Општина Центар, како совет на општина во Градот Скопје, имал надлежност да донесува соодветна урбанистичко-планска документација наведена во споменатиот член, но во никој случај немал надлежност да поништува веќе донесена, важечка и ставена во правен промет урбанистичко-планска документација. Согласно ова, можело да се заклучи дека оспорената одлука била директно во спротивност со наведениот член од Законот, кој бил земен како основ за донесување на истата. Дотолку повеќе што евентуално поништување на соодветна урбанистичко-планска документација можело да се изврши само во случаите, под условите и во постапката предвидени со член 92 од истиот закон. Оттука, можело да се заклучи дека Советот на Општина Центар, со донесување на оспорената одлука, крајно ги пречекорил своите надлежности и извршил директна повреда на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Прекршувањата на Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) се огледувале во самото носење на крајно противзаконската одлука. Имено, како основ за донесување на споменатата одлука се наведувал член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар - Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), кој гласи: „-донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и

урбанистички планови за населените места во општината“, скоро идентично како и член 41 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, и недвосмислено укажувало дека надлежност на општината било донесување на соодветни урбанистичко-плански документации, но во никој случај не и поништување на соодветни важечки урбанистичко-плански документации на чие донесување претходела соодветна законска процедура и кои биле влезени во правниот промет. Непочитувањето на оваа одредба од Статутот на Општина Центар и употребата на истата како основ за донесување на оспорената одлука директно го повредувал член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, каде не се споменувала надлежност на советот на општината да поништува урбанистичко плански документации.

Оспорената одлука и Решението биле во спротивност и со член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2004 и 158/2011), со кој се уредува донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места во општината, поради што повторно се потенцира дека никаде не се споменува надлежност на советот на општината да поништува соодветни урбанистичко плански документации.

Оспорената одлука во себе содржела и една димензија во однос на нејзиното извршување и ставање во правен промет која уште повеќе ја правела противзаконска но и ништовна како таква. Имено, во членот 10 од Одлуката се наведувало:„ Се задолжува Секторот за инспекциски работи во Општина Центар-Скопје, во рок од 7 дена од стапувањето во сила на оваа одлука, да достави предлог до градоначалникот на Општина Центар-Скопје за поништување на издадени одобренија на Општина Центар-Скопје, а за другите, во соработка со Секторот за правни и организациони работи, да подготви соодветна документација со која ќе побара од Град Скопје и од Министерството за транспорт и врски да ги поништат одобренијата од нивна страна“. Од вака поставената одредба на членот 10 од оспорената одлука, а од аспект на веќе изготвените градежно технички документации како и издадени одобренија за градба и спроведени односно реализирани градби согласно тие издадени одобренија за градба, можело да се заклучи дека се работи за акт со ретроактивна примена. Од гледна точка на Уставот, актите со ретроактивно дејство биле дозволени само доколку се поповолни за странките на кои се однесуваат. Од содржината на оспорената одлука никаде не можело да се види елемент на поволност за граѓаните на Општина Центар, дотолку што со оваа одлука всушност се вршела груба дискриминација на граѓаните и прекршување на нивните уставно загарантирани права. Ретроактивното дејство на оваа одлука ја правело истата сама по себе ништовен акт. Ова особено затоа што согласно член 43 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, „Просторен план важи до донесување на нов Просторен план, а урбанистички план до донесување на нов урбанистички план.“ Оттука, неспорен факт бил дека ретроактивноста на споменатата одлука била во директна спротивност со Уставот и значела директно прекршување на член 43 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Понатаму, невозможна била примената на оспорената одлука во правниот промет на начинот на кој замислил доносителот на истата и го пропишал особено во споменатиот член 10 од истата, особено кога член 43 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање пропишувал важност на определена урбанистичко планска документација и нејзина примена во правниот промет.

Оттука, оспорената одлука и решение по својата правна природа биле неприменлив акт и пред се акт спротивен на Законот за просторно и урбанистичко планирање, како материјален закон, Законот за локалната самоуправа, како закон со кој се предвидени надлежностите на единиците на локалната самоуправа и Законот за Градот Скопје, како закон во кој се предвидени надлежностите на Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

Поради наведеното, се предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука и Решението и по спроведената постапка, истите да ги поништи или укине.

Воедно, се предлага Уставниот суд, до донесување на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените акти бидејќи со нивното извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

5. Судот на седницата утврди дека Советот на Општина Центар-Скопје, врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар и член 41 став 4 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), на 5-та седница одржана на 7.6.2013, 10.6.2013, 11.6.2013, 13.6.2013 и 22.3.2017 година донел Одлука за поништување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг-Јужен дел-Запад“-Општина Центар-Скопје бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година.

Според членот 1 од оваа одлука, Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг-Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар - Скопје, се поништува.

Во членот 2 од Одлуката се наведува дека со оваа одлука се уредуваат поништувањето на Одлуката на Советот на Општина Центар–Скопје, утврдувањето на правната основа за поништување на Одлуката, влегувањето во сила на претходната одлука на Советот на Општина Центар - Скопје за донесување на ДУП на истиот плански опфат и начинот на реализација на Одлуката од Секторот за урбанизам во Општина Центар-Скопје и Секторот за инспекциски работи во Општина Центар-Скопје.

Според член 3 од истата одлука, со оваа одлука се поништува Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 4/2012).

Во членот 4 е предвидено дека Одлуката од членот 2 од оваа одлука се повлекува од правниот поредок поради тоа што ДУП, кој е составен дел на Одлуката, е во спротивност со Генералниот урбанистички план на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 18/2012), Законот за просторно и урбанистичко планирање и Уставот на Република Македонија. Одлуката е спротивна на Законот и Уставот затоа што не е во согласност со Генералниот урбанистички план на Град Скопје, а оваа несогласност на план од пониско ниво со план од повисоко ниво е спротивна на Законот за просторно и урбанистичко планирање, во кој „Деталниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со Генералниот урбанистички план“, а тоа значи дека спорната одлука е спротивна и на членот 51 од Уставот на Република Македонија во кој „законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите“.

Според член 5 од Одлуката, со поништувањето на Одлуката од член 2 од оваа одлука влегува во сила Одлуката а донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар-Скопје бр. 07-684 од 4.7.2001 година, донесена од Советот на Општина Центар - Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 12/01).

Со членот 6 е предвидено дека за оваа одлука се известуваат Архивата на Општина Центар-Скопје, Секторот за урбанизам во Општина Центар-Скопје, надлежниот Државен архив, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности, кои треба да го повлечат од употреба како важечки план на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, и да ги вратат во употреба претходните изменувања и дополнувања на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје бр. 07-684 од 4.7.2001 година, донесени од Советот на Општина Центар - Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 12/01).

Според член 7 од Одлуката, Секторот за урбанизам во Општина Центар-Скопје е должен, во рок од 15 дена од донесувањето на оваа одлука, да ја повлече од употреба картираната подлога на изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план од членот 2 од оваа одлука и да ја обезбеди картираната подлога од претходните изменувања и дополнувања на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје бр. 07-684 од 4.7.2001 година, донесени од Советот на Општина Центар - Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 12/01), кои со донесувањето на оваа одлука влегуваат во сила.

Според член 8 од Одлуката, за реализација на оваа одлука и за спроведувањето на претходните изменувања и дополнувања на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар - Скопје бр. 07-684 од 4.7.2001 година, кои со донесувањето на оваа одлука стапуваат во сила, се грижат градоначалникот на Општината, Секторот за урбанизам и Секторот за инспекциски работи во Општина Центар - Скопје.

Во членот 9 од истата одлука е предвидено дека Секторот за урбанизам во Општина Центар - Скопје е должен веднаш по стапувањето во сила на оваа одлука да ги прекине управните постапки за спроведување на Деталниот урбанистички план од членот 2 од оваа одлука чие важење престанало и да ги продолжи кога документациите, предмет на управните постапки, ќе бидат усогласени според Деталниот урбанистички план од членот 4 од оваа одлука.

Според член 10 од Одлуката, се задолжува Секторот за инспекциски работи во Општина Центар - Скопје, во рок од 7 дена од стапувањето во сила на оваа одлука, да достави предлог до градоначалникот на Општина Центар-Скопје за поништување на издадени одобренија од Општина Центар-Скопје, а за другите, во соработка со Секторот за правни и организациони работи, да подготви соодветна документација со која ќе се побара од Град Скопје и од Министерството за транспорт и врски да ги поништат одобренијата од нивна страна.

Според член 11 од Одлуката, оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар – Скопје“.

Одлуката е заведена под број 08-4160/28 од 22.3.2017 година.

Судот, исто така, утврди дека врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/2006 и 12/2015), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донел Решение бр. 09-4160/29 од 22.3.2017 година, за објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ -Општина Центар - Скопје бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар-Скопје.

Во Решението се наведува дека се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел-Запад“ - Општина Центар - Скопје бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар - Скопје, што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 5-тата седница, одржана на 7.6.2013 година, 10.6.2013 година, 11.6.2013 година, 13.6.2013 година и на 22.3.2017 година.

6. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 30 од Уставот се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/2014, 44/2015, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), се уредуваат условите и системот на просторното и урбанистичкото планирање, видовите на планска документација и постапката за изработување и донесување на истата како и други прашања од областа на просторното и урбанистичкото планирање (член 1).

Во членот 3 од Законот е предвидено дека изработувањето, донесувањето и спроведувањето на Просторниот план на Република Македонија, урбанистичките планови, регулацискиот план на генерален урбанистички план, урбанистичко планската документација и урбанистичко-проектната документација се работи од јавен интерес.

Според член 7 од Законот, во зависност од просторот кој е предмет на планирањето се донесуваат следниве планови:

1) Просторен план на Република Македонија и

2) урбанистички планови:

- генерален урбанистички план;
- детален урбанистички план;
- урбанистички план за село и
- урбанистички план за вон населено место.

Според член 11 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, детален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за плански опфат за кој е донесен генерален урбанистички план, а според став 6 деталниот урбанистички план како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план, односно, со регулацискиот план на генерален урбанистички план доколку истиот е донесен.

Во главата VI од Законот (членови 24-43) е пропишана постапката за изработување и донесување на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации.

Според член 38 став 1 од Законот, на плановите од член 7 став (1) точка 2 на овој закон изработени во форма на предлог план и за кои е изготвен позитивен извештај за стручна ревизија согласно член 37 на овој закон, согласност дава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, со која се потврдува дека истите се изработени во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Според член 41 став 4 од Законот, советите на општините во Градот Скопје донесуваат:

- детален урбанистички план,
- урбанистички план за село и
- урбанистички план вон населено место.

Согласно член 43 став 1 алинеја 3 од Законот, планирањето на просторот се врши за период од најмалку пет години за детален урбанистички план., а според ставот 3 на истиот член, урбанистичкиот план важи до донесување на нов урбанистички план.

Во членот 76 од Законот се пропишува:

(1) Детален урбанистички план донесен согласно со генерален урбанистички план кој престанал да важи, може да се применува само доколку намените на деталниот урбанистички план се во согласност со намените утврдени во новиот генерален урбанистички план.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член кога со генерален урбанистички план се планира проширување на сообраќајната мрежа, деталниот урбанистички план донесен пред влегувањето во сила на генералниот урбанистички план од ставот (1) на овој член, може да се применува само доколку со реализација на планираните градби или деловите од планираните градби од деталниот урбанистички план не се попречува реализацијата на сообраќајната мрежа од генералниот урбанистички план.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, детален урбанистички план донесен согласно со генерален урбанистички план кој престанал да важи, може да се применува и доколку намените на деталниот урбанистички план не се во согласност со намените утврдени во новиот генерален урбанистички план, во случаите кога е отуѓено градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање согласно со одредбите од Законот за градежно земјиште и купувачот преземал обврски за изградба на објектот согласно со намената во деталниот урбанистички план, а со новиот генерален урбанистички план е утврдена подземна или надземна линиска инфраструктурна градба.

Според член 77 од истиот закон, доколку во текот на постапката за донесување на детален урбанистички план се донесе нов генерален урбанистички план, постапката за донесување на деталниот урбанистички план ќе продолжи само доколку истиот е во согласност со новиот генерален урбанистички план.

Во членот 20 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), е предвидено дека општините, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Во членот 21 од наведениот закон се пропишува дека:

(1) Општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или друг закон и се одговорни за нивното вршење

(2) Со законот со кој се утврдуваат други надлежности на општината се определуваат и изворите на финансирање за вршење на тие надлежности.

(3) Надлежностите од ставот (1) на овој член по правило се целосни и исклучиви и не смеат да бидат одземени или ограничени, освен во случаите утврдени со закон.

Во членот 22 од Законот таксативно е утврдена листа на надлежности на општините, при што, покрај другото, општините се надлежни за вршење на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.

Во членот 15 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2004 и 158/2011), утврдени се надлежности на општините во Градот Скопје, при што, надлежности, односно, работи од јавен интерес од локално значење на општините во Градот Скопје се:

1. Планирање и уредување на просторот

- покренување иницијативи за донесување, измена и дополнување на просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на градот Скопје;

- давање мислења по нацртите на просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на Градот Скопје;

- донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места во општината;

- спроведување урбанистички планови и проекти и издавање документација за изградба на објекти од локално значење (услови за - спроведување урбанистички планови и проекти и издавање документација за изградба на објекти од локално значење (услови за градба, урбанистичка согласност, одобренија за градење).

Советот на Општина Центар – Скопје, на 22.3.2017 година ја поништил Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“-Општина Центар - Скопје, бр.07-5569/18 од 18.7.2012 година, донесена од Советот на Општина Центар и определил дека со поништување на наведената одлука влегува во сила Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план „Голем ринг - Јужен дел - Запад“ - Општина Центар-Скопје бр. 07-684 од 4.7.2001 година, донесена од Советот на Општина Центар - Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 12/01).

Како причина за поништување на Одлуката е наведено дека Деталниот урбанистички план донесен со оваа одлука бил спротивен на Законот и Уставот затоа што не бил во согласност со Генералниот урбанистички план на Град Скопје, а оваа несогласност на план од пониско ниво со план од повисоко ниво била спротивна на Законот за просторно и урбанистичко планирање, според кој деталниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план, а тоа значи дека спорната одлука била спротивна и на членот 51 од Уставот на Република Македонија според кој „законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите“. За донесената одлука биле известени Архивата на Општина Центар, Секторот за урбанизам во Општина Центар, надлежниот Државен архив, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности, кои требало да го повлечат од употреба како важечки поништениот план и да ги вратат во употреба претходните изменувања и дополнувања на планот од 2001 година. Секторот за ур-

банизам на Општина Центар бил задолжен во рок од 15 дена од донесувањето на Одлуката за поништување да ја повлече од употреба картираната подлога на Детал-ниот урбанистички план од 2012 година и да ја обезбеди картираната подлога од измените и дополнувањата на планот од 2001 година. Понатаму, со оспорената одлука се задолжува Секторот за урбанизам во Општина Центар веднаш по стапување во сила на оспорената одлука да ги прекине управните постапки за спроведување на планот од 2012 година и да ги продолжи кога документациите предмет на управните постапки ќе бидат усогласени. Исто така со оспорената одлука се задолжува Секторот за инспекциски работи во Општина Центар во рок од 7 дена од стапување во сила на оспорената одлука да достави предлог до градоначалникот на Општина Центар-Скопје за поништување на издадените одобренија од Општината, а за другите во соработка со Секторот за правни и организациски работи да подготви соодветна документација со која ќе побара од Град Скопје и од Министерството за транспорт и врски да ги поништат одобренијата од нивна страна.

Градоначалникот на Општината донел Решение, ваквата одлука донесена од Советот на Општина Центар да се објави во службеното гласило на општината.

Од анализата на оспорената одлука, произлегува дека истата е донесена на 22.3.2017 година, и дека со неа се поништува Деталниот урбанистички план донесен на 18.7.2012 година, поради неговата неусогласеност со Генералниот урбанистички план донесен на 3.12.2012 година, односно по донесувањето на Деталниот урбанистички план. Со истата одлука се враќа во сила Деталниот урбанистички план од 2001 година.

Тргнувајќи од направената анализа на оспорената одлука, наведените уставни одредби, како и одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за Град Скопје и Законот за локалната самоуправа, наспрема наводите во иницијативата, Судот оцени дека наводите се основани.

Ова од причини што деталните урбанистички планови се носат во точно определена постапка пропишана со Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во Законот е уредено прашањето за натамошната примена или запирање на примената на детален урбанистички план донесен согласно со генерален урбанистички план кој престанал да важи, но во Законот нема пропишана можност и постапка за поништување на донесен детален урбанистички план кој е во примена подолг период, поради негова неусогласеност со новодонесен генерален урбанистички план и за враќање во правен поредок на претходно донесен урбанистички план кој престанал да важи.

Оттука, произлегува дека општините имаат овластување во постапка определена со закон, да донесуваат, изменуваат и дополнуваат детален урбанистички план, но законодавецот не пропишал овластување за општините да поништат веќе донесен план во законски пропишана постапка кој започнал да се применува и тоа подолг период и да вратат во правен поредок претходно донесен урбанистички план кој престанал да важи, како што е случај со оспорената одлука.

Со оглед дека не постои законско овластување и пропишана постапка за поништување на легално донесен урбанистички план кој бил во сила и се применувал повеќе години, поради негова неусогласеност со новодонесен генерален урбанистички план, Судот оцени дека Советот на Општина Центар немал правен основ за донесување на оспорената одлука со која во 2017 година се поништува Деталниот урбанистички план донесен во 2012 година и се враќа во примена планот од 2001 година. Ваквото поништување на Деталниот урбанистички план и последиците од ваквата одлука, грубо ја нарушуваат правната сигурност на граѓаните, неосновано го доведуваат во прашање правото на сопственост, на кој начин се повредува владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок во Република Македонија.

Поради наведеното, Судот оцени дека основано може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одлука и Решението со член 8 став 1 алинеја 3, член 30 и член 51 од Уставот, како и со членовите 24-43 и член 76 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа и со член 15 став1 точка 1 алинеја 3 од Законот за Градот Скопје.

7. Имајќи го предвид наведеното, Судот оцени дека се исполнети условите од член 27 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија за запирање од извршување на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените акти, бидејќи со нивното извршување би можеле да настанат тешко отстранливи и ненадоместливи последици.

8. Тргнувајќи од изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот, Никола Ивановски и судиите: Елена Гошева, Јован Јосифовски, Вангелина Маркудова, Сали Мурати и Владимир Стојаноски.

У. бр. 37/2017
29 ноември 2017 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
Никола Ивановски, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2017183